**20242183772**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 октомври 2024 година.

Бр. 08-5052/1
22 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА

Член 1

Во Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ број 124/10, 47/11, 41/14 и 11/18), во член 7 во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Член 2

Во член 10 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа и за работата на МАРнет на информирање до Министерството за дигитална трансформација и на усвојување до Владата на Република Северна Македонија,“.

Член 3

Во членот 19 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација.“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација.“.

Член 4

Во членот 20 зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.